Михајло МИНОВСКИ

# КОНТАКТИ НА МАКЕДОНЦИ ВО ШВАЈЦАРИЈА СО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ВО ПОЧЕТОКОТ НА 1919 ГОДИНА

Во времето на подготовките за свикување на Мировната конференција Соединетите Американски Држави покажувале сè понагласен интерес за поширокото подрачје на Балканскиот Полуостров и одделно за Македонија и македонското прашање. Во тоа греме прашањето на Македонија станувало се поакутно. За тоа во голема мера придонесувале дипломатските акции и силната пропагандна активност на заинтересираните балкански држави: Србија односно Кралството СХС, Грција и Бугарија.

Швајцарија претставувала важен центар на дипломатската и политичко-пропагандна активност на балканските дипломатии. Уште повеќе што тука била концентрирана и бројна емиграција од балканските земји а меѓу нив и од Македонија.

Македонската емиграција во Швајцарија развила мошне значајна дејност[1]) за актуелизирање на македонското прашање во сообразност со ослободителните стремежи на македонскиот народ. Сета таа активност како и појавата на бројна пропагандна литература на балканските држави и зачестените полемички написи во печатот во врска со Македонија и македонското прашање, го привлекле вниманието на американската дипломатија. Во печатот на демократска Швајцарија повеќе пати се обрнувало внимание на македонското прашање, што не останало незабележано од американскиот дипломатски претставник во Берн, Стал. Истиот во

---

[1]) Во тоа време во Швајцарија живееле и се школувале, претежно на тамошните универзитети поголем број Македонци кои развиле организирана дејност во прилог на ослободувањето и обединувањето на Македонија и за создавање независна македонска држава. (За тоа повеќе кај Љубен Лапе, Активноста на Главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија 1918—1919 и документацијата за тоа. — Гласник на ИНИ, 1965/IX, бр. 1, с. 131—191).

своите извештаи од месец јануари 1919 година обрнувал внимание и на прашањето на Македонија.[2])

Македонците во Швајцарија од своја страна со особен интерес го следеле пишувањето на печатот за делегацијата на Соединетите држави, предводена од претседателот Вудров Вилсон за која се истакнувало дека ќе има решавачко влијание на Мировната конференција при одлучувањето за сите суштествени прашања и посебно при одлучувањето за судбината на многу народи. Швајцарскиот како и целиот европски печат одделувал голем простор на афирмирањето на демократската програма на претседателот на Соединетите Држави а особено за прокламираниот принцип за признавање и почитување на правото на народите на слобода и самоопределување. Така прокламираниот принцип во меѓународните односи од малите неслободни народи бил сфатен и прифатен не само како можност туку и како престојна реалност односно дека тоа прокламирано право на народите ќе биде санкционирано од Мировната конференција.

Македонците во Швајцарија увидувајќи дека непосредно претстои донесување на дефинитивна одлука за судбината на татковината, пристапиле кон изнаоѓање на патишта и начини пред соодветните фактори да ја изнесат вистината за Македонија и да предложат праведна солуција за македонското прашање. Биле преземени и конкретни активности за воспоставување контакти со Мировната делегација на Соединетите Држави, со цел американските делегати и лично претседателот Вилсон да се заинтересираат за македонското прашање.

Во почетокот на февруари 1919 година[3]) таков чекор презел инжењер Атанас Лазаров Атанасов од Берн,[4]) кој со свое писмо директно се обратил до претседателот на Соединетите Американски Држави.[5]) Во своето опширно писмо, откако ја опишува жалната положба во која се најдувала Македонија инж. Атанасов апелира до претседателот Вилсон „Соединетите држави да не останат нем посматрач" туку да се застапат за македонската кауза

---

[2]) Првиот пат на 18 јануари, непосредно пред почетокот со работа на Мировната конференција (21 јануари 1919 год.) и повторно на 28 јануари. The National Archives Washington. Microfilm publications. General record of the American commission to Negotiate Peace. American commission to Negotiate Peace. Paris (натаму: NA. Washington. MP ACNP) 1918—1919. Rell. 543. Vol. 517. Macedonia. Cases 867 C 00/30. No 349/9th may 1919 Stall to The American commission to Negotiate Peace—Paris.

[3]) На 9 февруари 1919 година.

[4]) Потпишано од Ingénieur A. Lazare Athanassow Macédonien de Kumanovo, Case postal 2148 Berne—Suisse.

[5]) NA-Washington. MP ACNP, 1918—1919. Roll. 543, Vol. 517. Macedonia. Paris Peace Conference (PPC) 867 C 00/16. Ingénieur A. Lazare Athanassow à Son Exelence Monsieur W. Wilson, Présideit des Etats—Unis.

во името на „правдата, слободата и еднаквоста“[6]) на народите, основните принципи на претседателовата мировна програма. При тоа укажувал на махинациите на балканските сојузници во Париз за да ја задржат Македонија под ропство.[7])

Инж. Атанасов обрнувал внимание дека Македонија не е непозната земја за Соединетите држави. При тоа се повикувал на македонско-американските врски во минатото. Соединетите Американски Држави, според неговите зборовите, знаеле за Македонија уште во времето на Илинденската епопеја кога „нашите востаници од Леринскиот, Битолскиот, Костурскиот и Скопскиот округ откако ја исполнија својата света обврска спрема татковината за време на револуцијата од 1903 година, масовно заминале да бараат потслон во далечната Република“.[8]) Но, дека тие заминувале во Соединетите Американски Држави не за да најдат нова татковина, туку за да обезбедат егзистенција за себе и за своите татковци, браќа, жени и деца што ги оставиле во татковината.[9]) Појаснувајќи ја судбината на татковината Атанасов пишувал дека е трагична историјата на Македонија во последните две децении и дека таа претставува распарчена и опустошена земја, со опожарени села, немаштина и глад насекаде.[10]) Но, дека, сепак, нема никогаш да се откаже од „своето славно минато и не ќе престане да се бори“.[11]) При тоа изразува надеж дека Соединетите Американски Држави и лично претседателот Вилсон ќе се застапат за Македонија на Мировната конференција.

Изразувајќи ги желбите и стремежите на Македонците инж. Атанасов, откако потсетува на веќе прокламираното право на слободно определување на народите, пишувал: „Ние браме тоа неприкосновено право да се почитува и за Македонија“.[12])

Во половината на март 1919 година инж. Атанасов се обратил до Американската делегација на Мировната конференција во Париз.[13]) Во почетокот на своето писмо укажувал дека принципите прокламирани од претседателот Вилсон „не можело а да немаат силен одѕив кај сите народи што сакаат слобода“ и дека истите предизвикале неизмерна радост во цела Македонија „распарчена од соседите и себичната игра на европската политика“.[14])

---

6) Ibidem.

7) Ibidem.

8) Ibidem.

9) Ibidem.

10) Ibidem.

11) Ibidem.

12) NA-Washington. MP ACNP, 1918—1919. Roll. 543, Vol. 517. Macedonia. PPC 867 C 00/14. Ingénieur A. Lazare Athanassow à la Commission s'occupant de la Question macédonienne.

13) Ibidem.

14) Ibidem.

Уште повеќе кога можело да се смета дека „во таа благородна програма се става крај на најновите махинации на големите сили и малите (балкански) држави.[15]) Инж. Атанасов изнесува барање Американската делегација да се застапи за спроведување плебисцит во Македонија, под контрола на големите сојузнички сили, за да можат жителите на Македонија слободно да се искажат за својата иднина. Тоа се барало од сите Македонци, од оние во Соединетите држави и од Македонската универзитетска младина во Швајцарија. И во таа прилика потсетувал дека многу се зборува за почитување на слободното определување на народите, во името на правдата и хуманоста, и дека Македонците за себе не бараат ништо повеќе туку почитување на тоа „неприкосновено право".[16]) Во името на сите Македонци изнесува барање за автономија на Македонија под заштита на една или неколку големи сили. Автономна Македонија, според неговите зборови, „како тампон држава, ќе ги одделува балканските држави".[17]) Според тоа Автономна Македонија, одделувајќи ги соседните балкански држави, ќе ги отстранела причините за нивните меѓусебни караници и ќе придонесувала за обезбедување мир на Балканскиот Полуостров.

Македонците, според зборовите на инж. Атанасов, не можат преку печатот да се застапуваат за автономија бидејќи „не им се дозволува за тоа да зборуваат".[18]) Македонците секогаш имале и имаат единствена желба: „на македонското население да му се гарантира да го каже својот збор пред да се одлучи неговата судбина".[19]) Задржувањето на Македонија под ропство отворало пат на нови компликации на Балканскиот Полуостров, што не било во интерес на Европа. Бидејќи на европските народи по трагичната војна им бил потребен мир и стабилност а тоа, како што пишувал Атанасов, можело да се постигне единствено „со остварување меѓународна правда, еднаква за сите и почитувана од сите".[20]) На крај е изразена надеж дека тие, делегатите на Соединетите држави, „претставници на нацијата шампион на правдата и слободата",[21]) ќе го земат во предвид тоа што е изнесено во приложениот Мемоар.[22])

---

15) NA-Washington. MP ACNP, 1918—1919. Roll. 543, Vol. 517. Macedonia. PPC 864 C 00/16

16) Ibidem.

17) Ibidem.

18) Ibidem.

19) Ibidem.

20) Ibidem.

21) NA—W. ACNP, 1918—1919, Roll. 545, Vol. 517. Macedonia. PPC 867 C 00/14. Mémoir d'un Macédonien.

22) Ibidem.

Во почетокот на мемоарот се изнесува местоположбата на Македонија која е единствена територијална целина со свои „географски и историски граници“.[23])

Во врска со македонското прашање се вели дека се појави во 1878 година[24]) „кога европската дипломатија на Берлинскиот конгрес ја врати Македонија под власта на султанот“,[25]) а дека оттогаш „за тоа прашање и за српско-бугарско-грчките спротивности многу се пишува“.[26])

Уште пообразложено е изнесена појавата и развитокот на македонското националноослободително движење. Ослободителните борби на Македонскиот народ од времето на Кресненско-Разлошкото востание од 1978/79 година се претставени како континуирано единствено револуционерно движење. Во врска со тоа во Мемоарот се вели дека револуционерното движење во Македонија кое започна во минатиот век „отвори големи страници во историјата на борбата за слобода“.[27]) При тоа посебно се подвлекува дека не само на европската дипломатија туку и на европската општественост им е познато за „Кресненското востание од 1878 година, револуционерните завери во Охрид и Прилеп од 1881 и 1882 година, а дека по 1895 година до Балканските војни во Македонија постоеше организирано револуционерно движење“.[28]) Истото во 1903 год., во времето на Илинденското востание, според пишувањето во Мемоарот, ја зафатило цела Македонија но со „најголема сила и интензитет се пројавило во Западна Македонија: Битола, Охрид, Ресен, Лерин, Костур, Прилеп, Крушево и Кичево“.[29]) Во текот на повеќегодишните борби на македонското револуционерно движење „секој град, секое село даде познати херои за слобода: Гоце Делчев од Кукуш, (Даме) Груев од Смилево, Борис Серафов од Неврокопско, (Васил) Чакаларов од Костур, војвода Апостол од Енице, Иван Карасулски од Гевгелиско, (Христо) Узунов од Охрид, (Ѓорѓи) Сугарев од Битола, (Пере) Тошев од Прилеп, (Ордан) Поп Јорданов од Велес, Васил Аџиларски од Скопје и многу други живи или мртви“.[30]) Како што се гледа овде не се забележени имињата на некои од највидните македонски револуционерни дејци како: Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов и други.

---

23) Ibidem.

24) Ibidem.

25) Ibidem.

26) Ibidem.

27) Ibidem.

28) Ibidem.

29) NA-W. MP ACNP, 1918—1919. Rol. 543. Vol. 517. Macedonia. PPC 867 C 00/10. Groupe des Étudiants Macédoniens de l'Université de Genève „Macedonia" à la Commission americaine de la Conférence de la Paix—Paris.

30) Ibidem.

На крајот од февруари 1919 година македонски студенти од Женевскиот универзитет, организирани како група македонски студенти „Македонија“, се обратиле до Американската делегација на Мировната конференција во Париз со барање истата да се застапи за праведно решение на македонското прашање.[30a]) Во писмото од 28 февруари тие се повикуваат на пишувањето на печатот дека посебна комисија ќе се ангажира со македонското прашање и укажуваат дека тоа прашање се замаглува од пропагандите на заинтересираните балкански влади.[31]) Оценувајќи го моментот за решавачки за судбината на татковината македонските студенти сметале за своја задача, како што посебно се нагласува во писмото, да достават Меморандум во кој ќе ја изнесат „сета вистина за Македонија“.[32])

Во Меморандумот[33]) на Групата македонски студенти од Женевскиот универзитет на почетокот се констатира дека меѓу прашањата за кои ќе одлучува Мировната конференција е и прашањето на Македонија, дека за тоа се многу заинтересирани Бугарија, Србија и Грција[34], и Македонија е претставена како посебна целина во централниот дел на Балканскиот Полуостров со своите природни граници: од север: (Скопска) Црна Гора и Шар Планина, од запад: Кораб, р. Црни Дрим, Охридското езеро, Грамос, Костурското езеро, од југ: р. Бистрица и Егејското море до устието на р. Места и од исток: р. Места, Родопите и старата граница на Бугарија.[35]) Во тие свои граници зафаќа површина од 46.400 км$^2$ со 2—2500000 жители. За бројот на жителите се вели дека не е прецизно утврден бидејќи „турската држава не водеше точна статистика“ а дека по балканските војни и делбата на Македонија тоа беше невозможно.[36]) За Солун се вели дека е главен град на Македонија, по Цариград најголем на Балканскиот Полуостров, а Солунското пристаниште од големо значење за земјата, центар на увозот и извозот.[37])

Односите на соседните балкански земји спрема Македонија се образложени во делот: Балканските држави и Македонија, а дека се изразуваат исклучиво преку нивните територијални претензии. Во врска со тоа во Меморандумот се укажува дека трите балкански држави: Бугарија, Србија и Грција се повикуваат на

---

30a) Ibidem.

31) Ibidem.

32) NA.-W. MP ACNP, 1918—1919. Roll. 543. Vol. 517. Macedonia. PPC 867 C 00/10 La Question Macédonienne. Groupe des Etudiants Macédoniens „Macedonia”, Génève, ’19.

33) Ibidem.

34) Ibidem.

35) Ibidem.

36) Ibidem.

37) Ibidem.

некакви „историски и национални" права.[38]) Македонските студенти по однос на „историските права" недвосмислено јасно и категорички изјавуваат дека тука не се работи за друго туку за „право на освојување".[39]) За Бугарија и Србија се вели декаројавуваат и „национални" аспирации спрема македонското словенско население кое „претставува големо мнозинство".[40]) При тоа македонските студенти го поставуваат прашањето: Дали Македонските Словени се Бугари или Срби? Во одговор на истото е речено дека таа дискусија од етнографска и јазична гледна точка нема научно значење и дека станува збор за политичка полемика со цел да се оправдаат претензиите на заинтересираните влади.[41]) Разгледувањето на македонското прашање од етнографски и јазичен аспект, според нивните зборови, претставува само „историски интерес" и не придонесува за негово праведно решение".[42])

Македонските студенти од Женевскиот универзитет од групата „Македонија" искажуваат недвосмислено јасно сознание за посебноста на интересите на Македонците. На американските делегати им се обрнува внимание на неправилниот третман на македонското прашање во европскиот печат. Бидејќи, како што при тоа се подвлекува, „расправата за Македонија се води од гледна точка на ревандикациите на балканските влади, без да се земат во обзир аспирациите на Македонците".[43])

Изнесувајќи свое видување на состојбата во македонското движење во тоа време македонските студенти пишуваа дека во Бугарија, во Софија, постои „Централен комитет", но дека тој служи на династичките амбиции на Фердинанд.[44]) Вистинската Револуционерна организација, непомирлива и која ја чува својата независност, постои внатре во Македонија.[45])

Во кусиот преглед на развитокот на македонското ослободително движење се соопштува дека основите на Револуционерната организација биле поставени во 1893 година, со цел да работи на организирање и подготвување на христијанското население за борба против турскиот режим, за извојување „политичка автономија на Македонија".[46]) Револуционерната организација не бараше присоединување кон Бугарија туку во своите редови ги повикуваше сите народности од трите вилаети. И не само тоа.

---

38) Ibidem.
39) Ibidem.
40) Ibidem.
41) Ibidem.
42) Ibidem.
30a) Ibidem.
43) Ibidem.
44) Ibidem.
45) Ibidem.
46) Ibidem.

Во времето на Младотурската револуција од 1908 година, македонските револуционери се бореа на страната на Младотурците „со надеж — како што се истакнува во Меморандумот, дека ќе биде извојувана слобода“.[47]

На американската делегација ѝ се презентираат и искажувања на странци од 1902, 1913 и 1917 година, единствени во констатацијата дека „Македонците сакаат автономија за својата земја“ и дека под „ослободување очекуваат независност на Македонија а не присоединување кон оваа или онаа балканска држава“,[48] како и да е „најсвет аманет за секој Македонец својата земја да ја види слободна и самиот да биде свој господар“.[49]

Во заклучокот на Меморандумот од Македонците од женевската студентска група „Македонија“ се вели: 1. најправедна солуција што одговара пред се на аспирациите на Македонците, но и за да се стави крај на кавгите меѓу балканските држави, е независноста на Македонија“. Секоја друга солуција не одговара ни на интересите на Македонците ни на интересите на балканските земји.

2. Македонците никогаш нема да се помират со делба или анексија на Македонија.

3. Независноста на Македонија е во интерес на балканските народи за обезбедување траен мир на Полуостровот.[50] Затоа македонското прашање треба да се реши под девизата: „Македонија на Македонците“,[51] се вели на крајот од Мемоарот.

Врз основа на сето тоа што претходно беше изнесено може да се констатира дека во почетокот на 1919 година, непосредно по почнувањето со работа на Мировната конференција во Париз, македонски интелектуалци во Швајцарија презеле определени активности за воспоставување контакти со Американската делегација на Мировната конференција за да ја запознаат со вистинската положба во која се најдувала Македонија и да ги изнесат желбите и стремежите на Македонците со цел Соединетите Држави да се застапат за праведно решение на македонското прашање. При тоа укажувале и аргументирано докажале дека: Македонија претставува единствена територијална целина со свои јасно определени природни граници, како и дека македонското прашање треба да се реши според девизата: „Македонија на Македонците“ врз основа на прокламираниот принцип за правото на народите на самоопределување. Изнесените гледишта и ставови се израз на изградената политичка свест кај нив за посебноста на интересите на

---

47) Ibidem.
48) Ibidem.
49) Ibidem.
50) Ibidem.
51) Ibidem.

Македонците и нивните аспирации за создавање независна македонска држава.

Меѓутоа, тоа не е случај и во поглед на изразувањето на македонско национално чувство. Очигледно како последица на долгогодишното разорно дејствување на туѓите пропаганди во Македонија и македонските средини во странство.

Македонците од женевската студентска група „Македонија" националниот фактор го сметале за ирелевантен. Затоа и создавањето независна македонска држава го базирале на посебноста на заедничките, општи интереси на сите Македонци; независно од народносната и верска припадност, по примерот на Демократска Швајцарија, како можна, прифатлива и за балканските земји, солуција за македонското прашање.

Mihajlo MINOSKI

## CONTACTS OF MACEDONIANS IN SWUITZERLAND WITH THE UNITED STATES AT THE BEGINNING OF 1919

### Summary

During the preparations or convokation of the Peace Conference the United States of America used to show geater interest in the wider region of the Balkan Peninsula and especially about Macedonia and the Macedonian question. The question about Macedonia was becoming more and more actual owing to the diplomatic actions and propaganda activity of the Balkan states with their open pretensions on one side, and the vivid political propaganda activity of the progressive Macedonian Migration abroad on the other side.

At the beginning of 1919, immediately after the beginning of the Paris Peace Conference, the Macedonian intelectuals in Swuitzerland overtook concrete activities for establishment of contacts with the highest representatives of the USA with a purpose to present them the real situation in which Macedonia was to be found and to express the wishes and aims of the Macedonians, in order to enforce the United States of America for a proper solution of the Macedonian question. They pointed out that Macedonia represents a separate unique teritorrial whole, with clear determined borders and the Macedonian question is supposed to be solved according to the slogan: „Macedonia to the Macedonians" on the base of the proclamed principle for the right of the peoples for self-determination.

The expressed views and attitudes points out the political consciousness of the individuality of the interests of the Macedonians and their aspirations for creation of an independent state.